Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, алинеја 4, од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.16/2011 и 136/2011), член 11 и член 15, став 3 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи ("Службен весник на РМ" бр.94/2005, 43/2010, 9/12 и 13/12), постапувајќи по барањето на Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, за определување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец Јануари 2012 година, на седницата одржана на 31 Јануари 2012 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за месец Јануари 2012 година**

**Член 1**

1. На Дирекцијата за Технолошки Индустриски Развојни Зони (ДТИРЗ) – Скопје, како вршител на енергетските дејности дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, продажната цена на природниот гас за месец Јануари 2012 година, се утврдува да изнесува **32,8354 ден/nm$^3$**.

2. Во продажната цена на природниот гас од став 1 на овој член, содржани се:

   2.1 Трошоци за набавка на природниот гас за месец Јануари 2012 година, во износ од 28,3871 ден/nm$^3$ и цена за услугата снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас, во износ од 0,1392 ден/nm$^3$, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец Јануари 2012 година ("Службен весник" бр. 13/12);
   2.2 Цената за услугата пренос и управување со системот за пренос на природен гас, во износ од 1,1753 ден/nm$^3$, утврдени со Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец Јануари 2012 година ("Службен весник" бр. 13/12);
   2.3 Цената за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас, во износ од 3,1338 ден/nm$^3$ , утврдени со Одлуката за одобрување на цената за регулиран период за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас („Службен весник на РМ" бр. 185/11).

3. Цената од член 1, точка 1 од оваа Одлука, е пресметена без данок на додадена вредност.

**Член 2**

Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дирекција за Технолошки Индустриски Развојни Зони – Скопје, (во понатамошниот текст ДТИРЗ ) со допис бр. 07-150/1 од 30.01.2012 година, до Регулаторната комисија за енергетика на РМ, достави барање за определување на продажната цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец Јануари 2012 година. Со барањето ДТИРЗ- Скопје предлага највисоката продажна цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ – Скопје, за месец Јануари 2012 година да изнесува 32,8354 ден/$nm^3$, што во споредба со цената од претходниот квартал во износ од 31,4324 ден/$nm^3$ преставува зголемување од 4,46%.

Како причина за промена на крајната највисока продажна цена на природен гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ДТИРЗ за месец Јануари 2012 година во Барањето е наведено дека истото е условено со промената на продажаната цена на природниот гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за пренос на природен гас.

Регулаторната комисија за енергетика имајќи ја во предвид оправданоста на Барањето спроведе постапка за определување продажна цена на природен гас за тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошко-индустриска развојна зона-Скопје за месец Јануари 2012 година.

При определувањето на продажната цена на природниот гас за тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ДТИРЗ се земени во предвид, Одлуката за определување продажна цена на природен гас за месец Јануари 2012 година (“Службен весник на РМ” бр. 13/12) и Одлуката за определување на цена за регулиран период за вршење на дејностите дистрибуција на природен гас, управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифните потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас (“Службен весник на РМ” бр. 185/11) со која е определено да истата услуга изнесува 3,1338 ден/$nm^3$.

Имајки го во предвид напред изнесеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука согласно член 33, став 1 од Законот за енергетика, може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби во обласа на енергетиката, преку Регулаторната комисија за енергетика, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на оваа Одлука во ‘’Службен весник на Република Македонија’’.

**УП1 Бр. 08-18/12**
**31.01.2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**